РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2502/5
08.07.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од 23. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 19.6.2026 година**

**Членови на Советот на Агенцијата:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, м-р Гордана Мајнова, Петар Џуровски и Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Петреска-Камењарова, м-р Луција Ѓурковиќ-Додевска, м-р Ивона Муфишева, Маја Дамевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни:** /

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори 23. седница на Советот. Седницата почна во 11:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 гласа „за“, го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување Предлог-записник од 22. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.6.2026 година.

2. Предлог-одлука за утврдување листа на настани од големо значење за јавноста на Република Северна Македонија.

3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Телевизија Плус ДОО Куманово за прекршување на член 15 став 6 од Законот за медиуми.

4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот Фивенет ДОО Скопје, за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.

5. Информација во врска со изјаснување по Писмен извештај од административен надзор од страна на издавачот на онлајн медиумот – интернет-порталот „Нова Македонија“.

6. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и со 5 гласа „за“ и два воздржани гласа од Петар Џуровски и Гордана Мајнова, го усвои Записникот од 22. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.6.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, информираше дека јавната расправа по Нацрт-одлуката завршила на 12 јуни 2026 година. Посочи дека непосредно пред седницата бил доставен дополнителен предлог, за кој Стручната служба нема доволно време да изврши анализа и да даде стручно мислење, што согласно законските обврски е потребно за секој доставен предлог. Иако предлогот е доставен по истекот на рокот за јавната расправа, тој предложи истиот да биде разгледан од Стручната служба, по што точката да се одложи за првото продолжението на 23. седницата.

Заменик на претседателот м-р Зирјета Јајага се согласи дека е потребно Стручната служба да изврши анализа на доставениот предлог. Воедно, посочи дека при неговото разгледување треба да се имаат предвид измените на законската рамка од 2018 година, кои се релевантни за постапката на донесување на Одлуката.

Советничката м-р Гордана Мајнова праша дали доставениот предлог бил испратен само до директорот и Стручната служба или и до членовите на Советот, со цел тие да можат навремено да се запознаат со неговата содржина.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, појасни дека предлогот бил доставен непосредно пред седницата, по што тој го препратил до директорот на Агенцијата.

Советничката Афрона Врзиволи истакна дека во самиот предлог како примватели биле наведени претседателот и членовите на Советот на Агенцијата, при што биле наведени и законските основи врз кои се темели предлогот. Таа посочи дека, доколку е потребно дополнително време за анализа од страна на Стручната служба, тоа е прифатливо, а воедно најави дека предлогот ќе им биде препратен и на другите членови на Советот.

Советникот Петар Џуровски оцени дека би било коректно предлогот, покрај до претседателот, да биде доставен и до сите членови на Советот.

Претседателот м-р Стефановски предложи разгледувањето на точката да се одложи до продолжението на седницата.

Советот едногласно го прифати предлогот и одлучи разгледувањето на точката да се одложи за првото продолжението на 23. седницата.

**Точка 3**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, образложи дека радиодифузерот ТРД Телевизија Плус ДОО Куманово во изминатиот период се соочувал со одредени проблеми во работењето, што се потврдило и преку претходно констатирани прекршувања. Тој потсети дека на претходна седница на Советот на радиодифузерот му била изречена мерка јавна опомена поради недоставување податоци, кои согласно законската обврска требало да бидат доставени до 31 март 2026 година.

Во конкретниот случај, радиодифузерот не го доставил Извештајот за спроведување на програмскиот концепт, што претставува прекршување на член 15 став 6 од Законот за медиуми. Поради тоа се предлага изрекување мерка јавна опомена, определување рок од 45 дена за усогласување и спроведување контролен надзор по истекот на рокот.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор бр.03-2196/1 од 20.5.2026 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво Телевизија Плус ДОО Куманово да му изрече мерка јавна опомена поради прекршување на член 15 став 6 од Законот за медиуми, односно во законски предвидениот рок (31 март 2026 година) не доставило до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за телевизиско емитување, особено за спроведување на програмскиот концепт, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува програмскиот сервис во државата или надвор од неа.

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-4241/1 од 1.10.2025 година, му наложува на Трговското радиодифузно друштво Телевизија Плус ДОО Куманово во рок од 45 дена од денот на приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи, по истекот на рокот утврден во Решението за јавна опомена, да изврши контролен надзор со цел да утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведеното Решение да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, образложи дека при извршен надзор било утврдено дека операторот Фивенет ДОО Скопје го реемитува програмскиот сервис „Al Jazeera“, кој не е опфатен со потврдата издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Поради тоа се предлага изрекување мерка јавна опомена, операторот веднаш да престане со реемитување на програмскиот сервис и да се спроведе контролен надзор за утврдување дали е постапено по одлуката на Советот.

Советникот Петар Џуровски праша дали станува збор за програмски сервис поврзан со преносите на Светското првенство.

Директорот Трајчевски појасни дека не станува збор за спортски програмски сервис, туку за програмскиот сервис „Al Jazeera“.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-2458/1 од 12.6.2026 година и едногласно заклучи на Друштвото за телекомуникациски услуги Фивенет ДОО Скопје да му изрече мерка за јавно опоменување поради прекршување на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бидејќи според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на Република С

Македонија, на 9.6.2026 година, за своите корисници го реемитувало програмскиот сервис „Al Jazeera“, кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-4241/1 од 1.10.2025 година, му наложи веднаш по приемот на Решението за јавно опоменување да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да изготви Решение за јавно опоменување за Друштвото за телекомуникациски услуги Фивенет ДОО Скопје.

Секторот за стратешко планирање и авторски права да изврши контролен надзор со цел да утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведеното Решение да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Помошник-раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, м-р Луција Ѓурковиќ-Додевска, информираше дека на 30 април 2026 година бил извршен редовен административен надзор над Друштвото за производство, промет и услуги Репро принт ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на интернет-порталот „Нова Македонија“. При надзорот било утврдено дека обврската од член 15 став 5 од Законот за медиуми не е целосно исполнета бидејќи документот за регистрација на странскиот основач не бил доставен во оригинал и бил постар од законски пропишаниот рок. По доставувањето на Извештајот и Барањето за изјаснување, издавачот во законскиот рок доставил образложение и нова, валидна документација за странското правно лице – основач, со соодветна заверка и превод. Во изјаснувањето биле наведени објективни причини поради кои документите не можеле да бидат обезбедени во пократок рок. Имајќи предвид дека во меѓувреме е доставена комплетна и валидна документација, беше предложено Советот да констатира дека не постојат доволни основи за изрекување мерка јавна опомена и за тоа да биде известен издавачот на медиумот.

Советникот Петар Џуровски праша дали случајот е поврзан со промена на сопственичката структура.

М-р Луција Ѓурковиќ-Додевска појасни дека не станува збор за никаква промена, туку за доставување документација за странското правно лице – основач, регистрирано на Британските Девствени Острови, за што било потребно дополнително време.

Заменикот на претседателот м-р Зирјета Јајага констатираше дека станува збор за техничко прашање поврзано со обезбедување и превод на документацијата.

М-р Луција Ѓурковиќ-Додевска потврди дека не постојат промени во сопственичката структура и дека причината е исклучиво поврзана со роковите за обезбедување и преведување на документите.

Советот на Агенцијата ја разгледа Информацијата во врска со Изјаснувањето по Писмениот извештај од административен надзор од страна на издавачот на онлајн медиумот – интернет-порталот „Нова Македонија“ и едногласно заклучи дека во

конкретниот случај не постојат доволно основи за изрекување мерка јавна опомена за Друштвото за производство, промет и услуги Репро Принт ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

Секторот за стратешко планирање и авторски права да го извести Друштвото за производство, промет и услуги Репро Принт ДООЕЛ увоз-извоз Скопје за овој заклучок.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот Заклучокот да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 6 - Разно**

Немаше дискусија под „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**